Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 септември 2021 година

Скопје, септември 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Бојан Маричиќ, министер за правда.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за определување на денови на жалост

2. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата со едноминутно молчење оддаде почит на лицата кои ги загубија животите во пожарот што се случи во Модуларната болница за лекување на пациенти заболени од заразната болест КОВИД-19 при Јавната здравствена установа Клиничка Болница Тетово, на 8 септември 2021 година, министрите информираа за досега утврдената состојба од пожарот со трагични последици и истакнаа дека увидот за утврдување на причините продолжува и денеска, а согласно Предлог-одлуката и расправата на седницата, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за определување на денови на жалост, во предложениот текст, со која деновите 9, 10 и 11 септември 2021 година (четврток, петок и сабота), се определуваат за денови на жалост во Република Северна Македонија.

Согласно ова, се препорачува да се одложат сите прослави, забави, културно-уметнички и спортски настани, како и политички промоции предвидени за овие три дена.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во Деновите на жалост, да преземе активности знамињата на Република Северна Македонија да се истакнат на половина копје.

3. Го прифати предлогот за ангажирање на странски експерти во делот на утврдување на причините за пожарот во Модуларната болница за лекување на пациенти заболени од заразната болест КОВИД-19 при Јавната здравствена установа Клиничка Болница Тетово.

**<u>Точка 2</u>**

Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции*, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.40-7772/1 од 19 јули 2021 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство да спроведе јавна расправа и отворена дебата во Собранието по Предлогот на овој закон и по завршувањето на истата повторно да се достави во редовна владина постапка.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**